**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**СКОПЈЕ**

# СООПШТЕНИЕ

Државната изборна комисија ги известува граѓаните, кои во законски определениот рок се пријавија за гласање во дипломатско - конзуларните претставништва и конзуларни канцеларии на Република Македонија во:

- Варшава,
- Отава,
- Токио
- Мадрид,
- Москва,
- Доха,
- Тирана,
- Астана,
- Приштина,
- Сараево,
- Пекинг,
- Каиро,
- Њу Делхи и
- Талин

дека на овие избирачки места бројот на пријавени граѓани е помал од 10.

Согласно Изборниот законик и Правилникот за подготовка, организирање и спроведување референдум на државно ниво, во овие дипломатско - конзуларни претставништва и конзуларни канцеларии нема да се организира гласање на 29.09.2018 година за Референдумот 2018.

Граѓаните кои се пријавиле за гласање во овие дипломатско - конзуларни претставништва и конзуларни канцеларии, своето право на глас ќе можат да го реализираат на нивните избирачки места според адресните податоци во Република Македонија.

Ова соопштение се објавува на веб страната на Државната изборна комисија и се доставува до медиумите во Република Македонија и до Министерството за надворешни работи, кое е должно истото да го објави на својата веб страна и да го достави до наведените дипломатско – конзуларни претставништва и конзуларни канцеларии на Република Македонија во странство.

**Бр. 12 - 1738/1**
**29.08.2018 година**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Оливер Деркоски**